Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 8/0306
26.01 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 15.01.2026 година, врз основа на примена жалба од **Деспина Ковачевска** го донесе следново мислење:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„(Фото) Фала Мицкоски: Меџити ја пречека албанската министерка без македонско знаме“,** објавен на интернет порталот „Инфомакс“(infomax.mk)**, на 22.12.2025 година**, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 23.12.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „(Фото) Фала Мицкоски: Меџити ја пречека албанската министерка без македонско знаме“, објавен на интернет порталот „Инфомакс“(infomax.mk), на 22.12.2025 година, при што се жали на „неточно и нефер известување“.

Жалителката наведува: „Порталот Инфомакс ја објави (веста-н.з.) со наслов Фала Мицкоски: Меџити ја пречека албанската министерка без македонско знаме, преземајќи фотографии само од објавата на Меџити, без дополнителна проверка на фактите. Иако на видео објавено од амбасадорот на Албанија јасно се гледа македонско знаме, што покажува дека не биле проверени сите факти пред објавување“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот) и друг линк поврзан со жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „(Фото) Фала Мицкоски: Меџити ја пречека албанската министерка без македонско знаме“, објавен на интернет порталот „Инфомакс“(infomax.mk), на 22.12.2025 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е вест, а е поврзана со објава на Фејсбук профилот на градоначалникот на општина Чаир Изет Меџити од пречекот на висока владина функционерка од Албанија - со што темата е од неспорен јавен интерес.

Комисијата констатираше дека целата вест, вклучувајќи го и насловот, се потпира врз категоричното тврдење изнесено во текстот дека министерката Спиропали била пречекана „без ниту едно македонско знаме.“ Притоа, медиумот никаде во објавата не нагласил дека се обидел да ја провери содржината на информацијата, ниту пак тоа го објавил и нагласил преку ставање некаква ограда, што е негова обврска според членот 1 од Кодексот.

Меѓутоа, тргнувајќи од информациите дадени од жалителката, Комисијата констатираше дека на видеото се гледа јасно дека на настанот било истакнато и знаме на Република Северна Македонија.

Од овие причини Комисијата оцени дека жалбата е основана и дека медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинари на Македонија:

**Член 1**

> Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Тамара Чаусидис, Сефер Тахири, Жана Божиновска, Димитар Мицев и Мирче Адамчевски.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595